**Редовен проф. д-р Јасна Котеска**

**Филолошки факултет „Блаже Конески“, УКИМ Скопје**

Јасна Котеска (1970, Скопје) е македонска писателка, филозоф и редовен професор по хуманистика (книжевност, родови студии и теориска психоанализа) на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ на Универзитетот Св. Кирил и Методиј во Скопје. Котеска има магистрирано и докторирано книжевност и родови студии (1999 и 2002 година) на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје и има магистрирано родови студии и теорија на културата (2000 година) на Централно-европскиот универзитет во Будимпешта, Унгарија.

Проф. Котеска предава редица предмети од областа на книжевноста, родовите студии и теориската психоанализа на својата матична Катедра, како и на Филозофскиот факултет во Скопје и на докторските студии по филозофија на Катедрата за филозофија при Филозофскиот факултет во Љубљана, Словенија.

Проф. Котеска е авторка на 12 книги за Зигмунд Фројд, Сорен Кјеркегор, комунизмот, санитарноста и други сродни теми, објавени во Вашингтон, Торонто, Љубљана, Белград, Софија и Скопје.

Дел од нејзините книги се *Кјеркегор за конзумеризмот* (2016, Торонто и Љубљана), *Фројдовска читанка, рана психоанализа 1893-1899* (2013, Скопје), *Комунистичка интима* (2008, 2022, Скопје; 2014, Вашингтон) и *Санитарна енигма* (2006, 2021 Скопје; 2012 Софија).

Во 2017 таа е добитничка на државната награда *Гоце Делчев* за извонредни остварувања во областа на науките од интерес за Република Македонија. Нејзината книга *Комунистичка интима* во 2015 е избрана на т.н. Финеганова листа од 30 најзначајни книги за 2015 година од Европското здружение на писатели (Берлин и Париз).

Котеска е авторка на над 200 академски студии во земјава и странство, преведени и објавени на преку 12 јазици, во широк спектар на теми: интимност, санитарност, психоанализа, траума, повторување, гестови, како и студии за 19-вековната филозофија и книжевност.

Котеска е авторка на првата историја на македонското женско писмо 1945-2000 година, книгата *Македонско женско писмо* (Скопје, 2002).

Таа е главен уредник на едицијата *Collection Aut* на Тринити Колеџот во Торонто и на Централно-европскиот истражувачки центар за Сорен Кјеркегор (ЦЕРИ-СК) во Љубљана.

Од 2020 до 2023 година таа е раководителка на студиската група за образование во која ги раководи скандинавските земји во рамките на *Нордиските летни универзитети*.

Котеска е член на Филозофското друштво на Македонија, Независните писатели на Македонија, како и на бројни меѓународни организации и одбори.

Во моментов работи книга со наслов *Принципите на дигиталното јас* во коавторство со акад. Љупчо Коцарев. Паралелно работи на два ракописи *Фројдовска читанка 2 (1900-1901)* и *Кафка, хумористот*.

**Објавени и уредени книги од проф. д-р Јасна Котеска**

1. Koteska, Jasna. *Kierkegaard on Consumerism (Киркегард за конзумеризмот),* Trinity College, University of Toronto, Canada, and Central European Research Institute Soeren Kierkegaard, Toronto and Ljubljana, **2016.** ISBN 9781988129020 (на англиски)
2. Котеска, Јасна. *Фројдовска читанка Рана психоанализа 1893-1899*, Култура, Скопје, **2013.** ISBN 9789989327193
3. Котеска, Јасна. *Комунистичка интима,* Темплум, Скопје, **2008.** ISBN 9789989189418
4. Котеска, Јасна. *Комунистичка интима,* Антолог, Скопје, **2021** (реиздание). ISBN 978-608-243-462-9
5. Котеска, Јасна. *Санитарна енигма,* Темплум, Скопје, **2006**. ISBN 9989902879 Котеска, Јасна. *Санитарна енигма,* Антолог, Скопје, **2020** (реиздание) ISBN 9786082434131 [12]
6. Котеска, Јасна. *Македонско женско писмо,* Македонска книга, Скопје, **2003.** ISBN 9989460477
7. Котеска, Јасна. *Постмодернистички литературни студии,* Македонска книга, Скопје, **2002**. ISBN 9989460191
8. Koteska, Jasna. *Communist Intimacy,* NAP, Washington DC, **2014.** ISBN 9780989916974 (на англиски)
9. Котеска, Яасна. *Санитарна енигма,* ХК, Критика и хуманизьм, София, **2012.** ISBN 9789545871603 (на бугарски)
10. Koteska, Jasna. *Intimist*, Društvo Apokalipsa, Ljubljana, **2008**. ISBN 9789616644303 (на словенечки)
11. Јакимовска Илина, Котеска Јасна. *Етнологот како писател, писателот како етнолог.* Табахон, Скопје, **2020.** ISBN 9786084566229[13]
12. Tatjana Rosic, Ilic, Jasna Koteska, Janko Ljumovic. *Representation of Gender Minority Groups in Media: Serbia, Montenegro and Macedonia,* Faculty of Media and Communication FMK, Belgrade, **2015.** ISBN 9788687107540 (на англиски)
13. Котеска, Јасна. *Антон Томаж Линхарт, Монографија. Веселиот ден или Матичек се жени*, Универзитет Св. Кирил и Методиј, Скопје, **2008.** ISBN 99897246336 (на македонски).